# СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ ВО НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО СКОПЈЕ

Во согласност со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, давателите на финансиски лизинг се субјекти на законот и се должни да изготват и применуваат Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

Целта на системот за спречување перење пари и финансирање тероризам е преземање мерки и дејствија заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам.

Соодветно, НЛБ Леасе&Го ги презема следните мерки и дејствија, во согласност со Законот:

- Именува Овластено лице за СПП и ФТ и заменик, со соодветни овластувања и одговорности
- Изготвува и редовно ажурира Проценка на ризикот од ПП и ФТ;
- Врз основа на резултатите од Проценката, воспоставува систем на политики и процедури од областа;
- Воспоставува мерки на анализа на клиентите, вклучително и прифатливост на клиенти;
- Воспоставува внатрешен механизам за навремено и адекватно известување;
- Имплементира техничк решенија за препознавање невообичаени трансакции и трансакции на сомневање за перење пари и финансирање на тероризам;
- Изведува постојано обука на вработените од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Спроведува внатрешна контрола на процесите и нивната примена;
- Воспоставува скрининг процедури при вработување и за вработените со цел да се обезбедат високи стандарди за спречување перење пари и финансирање тероризам и
- Имплементира Политики, Процедури и внатрешни контроли за примена на рестриктивните мерки согласно со закон.

Како дел од НЛБ Групацијата, НЛБ Леасе&Го ДОО Скопје, применува и интерни насоки, правила, политики и процедури во секојдневното работење, со цел имплементирање на групациските стандарди.